# Предлог на прва измена (модификација) на ИПАРД Програмата 2021-2027 на Република Северна Македонија

**Предмет: Предлог за измена на Програмата за земјоделство и рурален развој на Република Северна Македонија**

## I. ИСТОРИЈАТ

1. Европската комисија со Одлука на Комисијата бр. C(2022)1538 од 09.03.2022, ја одобри ИПАРД Програмата за земјоделство и рурален развој на Република Северна Македонија, во согласност со член 9(1) од Регулативата (ЕУ) бр. 2021/1529 (ИПА Регулатива).
2. Согласно член 17 од Финансиската и рамковна спогодба за партнерство помеѓу Република Северна Македонија и Европската Комисија, Комитетот за следење на ИПАРД III треба да го разгледа и одобри, каде што е соодветно, секој предлог изготвен од страна на Телото за управување со ИПАРД за измена на ИПАРД III Програмата и истиот треба да се достави до Комисијата, со копија до Националниот ИПА координатор - НИПАК. Првата модификација на ИПАРД III Програмата за Република Северна Македонија беше претставена на првиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД и одобрена на 29.03.2023 година.

## II. ПРИЧИНИ ЗА ПРЕДЛОЖЕНАТА ИЗМЕНА

Телото за управување со ИПАРД ги предложи овие измени (модификации) како резултат на потребата од корекции во ИПАРД III Програмата во смисла на повикување на одредбите од потпишаната Финансиска и рамковна спогодба за партнерство - FFPA и потпишаната Секторска спогодба (SA) за ИПАРД.

Одредени корекции се предложени во согласност со член 19 од FFPA поврзани со правилата за потекло (на стоките и услугите), каде што сите набавки купени во рамките на средствата од оваа ИПАРД III Програма може да потекнуваат од која било земја.

Заради, измените на Анекс 4 точка 5 од SA во врска со критериумите за прифатливост, измени се предложени во Мерка 1 „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“ каде правни лица во ранг на микро, мали и средни препријатија се прифатливи како корисници во мерка 1.

Врз основа на препорака на Г.Д АГРИ, се предлага измена со додавање дополнителна колона што се однесува на Вкупните јавни трошоци (TPE) во Индикативниот финансиски план за мерка 10 - „Советодавни услуги“.

Како резултат на претходното искуство при спроведување на ИПАРД II Програмата и заради причината за избегнување на можно преклопување и конкуренција со националните мерки за поддршка на руралниот развој, Вкупни прифатливите трошоци за мерка 1 - „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“ - мерка 3 - „Инвестиции во основни средствата кои се однесуваат на преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи“ - и мерка 7 - „Диверзификација на фарми и развој на бизниси“ - се зголемени.

## III. ПРЕДЛОЖЕНИ ИЗМЕНИ

Табела која ги содржи измените со образложение дадена е во прилог 1 на овој документ.

Најзаначајните модификации (измени) се однесуваат на:

1. Измени во ИПАРД III Програмата во однос на упатување на одредбите од потпишаната Финансиската и рамковна спогодба за партнерство - FFPA и Секторска спогодба за ИПАРД- (SA);
2. Се предлагаат измени во согласност со член 19 од FFPA поврзани со “правилата за потекло” каде што сите набавки купени во рамките на оваа ИПАРД III Програма може да потекнуваат од која било земја.
3. Предложени се измени каде инвестициите во секторот на производство на коноп не се прифатливи за финансирање е во насока на намалување на ризикот за финансирање на овој сектор од страна на ЕУ.
4. Измените се предложени во Мерка 1 „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“ каде правни лица во ранг на микро, мали и средни претпријатија се прифатливи како корисници во мерка 1.
5. Како резултат на препораките на ГД АГРИ Ares(2022)8361331 од 2.12.2022 година, се предлагаат измени поврзани со географскиот опсег на мерка 7 „Диверзификација на фарми и развој на бизниси“ каде што инвестициите поддржани во оваа мерка мора да се лоцирани во руралните средини наведени во Прилог 1 на програмата. Меѓутоа, само за инвестициите во краток синџир на снабдување, реализиарни од од земјоделски стопанства и/или членови на нивните семејства или од организации на производители, а се состојат во воспоставување капацитети за продажба на сопствени производи, инвестициите може да бидат лоцирани во рурални или урбани средини. По детална демаркација по однос на мерка 1 и мерка 3 е предложена за производство на храна и пијалоци во мерка 7, овозможувајќи појасен пристап за корисниците.
6. Се предлага измена со додавање дополнителна колона што се однесува на Вкупните јавни трошоци (TPE) во Индикативниот финансиски план за мерката 10 - „Советодавни услуги“.
7. Измените за зголемување на вкупните прифатливи трошоци по мерка 1 - „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“ - над 20.000 евра, мерка 3 - „Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи“ - над 50.000 евра и мерка 7. - „Диверзификација на фарми и развој на бизниси“ - над 10.000 евра.

## IV. ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ СО ИЗМЕНИТЕ

Со овие измени, во ИПАРД Програмата 2021-2027 јасно се упатува на одредбите од потпишаните FFPA и SA. Предложените корекции поврзани со правилата за потекло ќе овозможат сите набавки во рамки од оваа програма да потекнуваат од која било земја, што ќе доведе до подобра и полесна апсорпција на средствата од ИПАРД Програмата 2021-2027.

Измената предложена во Мерката 1 - “Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства”- каде правните лица во рангот на микро, мали и средни претпријатија се прифатливи за поддршка, ќе доведе до подобро таргетирање на корисниците во мерка 1 и избегнување на можен „deadweight“ (да се финансираат инвестиции кои корисниците може самостојно да ги финанисраат без поддршка од ИПАРД) за реализирани инвестиции.

Предложените измени во врска со географскиот опсег на мерка 7 - „Диверзификација на фарми и развој на бизниси“, - нагласувајќи дека само за инвестиции во краток синџир на снабдување, реализиарни од земјоделци и/или членови на нивните семејства или од организации на производители, а се состојат во воспоставување на капацитети за продажба на сопствените производи, инвестициите може да бидат лоцирани во рурални или урбани средини, ќе доведат до поттикнување на здружување на малите земјоделци и

производители во групи на производители и краток синџир на снабдување што ќе доведе до подобар маркетинг на нивниот производ, подобро снабдување со сите инпути. итн.

Врз основа на препорака на ГД АГРИ, предложената измена со додавање дополнителна колона што се однесува на Вкупните јавни трошоци (ТРЕ) во Индикативниот финансиски план за мерката 10 - „Советодавни услуги" - ќе доведе до подобро изразување на Вкупните јавни трошоци (ТРЕ) во мерка 10 и ќе се унифицира со сите други мерки од програмата.

Измените за зголемување на минималната вредност на вкупните прифатливи трошоци по проект во мерка 1 - „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства" над 20.000 евра мерка 3 - „Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи" - над 50.000 евра и мерка 7 - „Диверзификација на фарми и развој на бизниси" – над 10.000 евра, се заснова на детална и целосна анализа на поднесените и завршените проектни апликации и претходното искуство во спроведувањето на ИПАРД II Програмата по соодветните мерки. Измената на праговите, исто така, ќе обезбеди усогласување со националните мерки за рурален развој, со што ќе се избегне каков било ризик од преклопување помеѓу двата инструменти за финансирање.

Зголемувањето на праговите ќе ја олесни апликацијата на малите земјоделски стопанства, кои во моментов не се пазарно ориентирани, за поддршка во рамките на националните мерки за рурален развој со цел да се подигне нивниот капацитет и конкурентност.

***Прилози на предлогот:***

***Прилог 1****: Табела на измени - Матрица на прва модификација на ИПАРД III Програмата*

***Прилог 2****: Изменета ИПАРД III Програма на Република Северна Македонија*

## Анекс I: Матрица на измените на ИПАРД III Програмата

| Бр. | стр. | Наслов | Текст во програмата како што е одобрен од ЕК од 9 март, 2022 | Предложена измена | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| 1) | 150 | 8.1.5.Неприфатливи трошоци за поддршка во рамките на програмата | Во согласност со член XXX од Секторската спогодба, следните трошоци нема да бидат прифатливи во ИПАРД III Програмата: | Во согласност со член **35(3)** од Секторската спогодба, следните трошоци нема да бидат прифатливи во ИПАРД III Програмата: | Корекција направена согласно FFPA и/или SA |
| 2) | 151 | 8.1.5. Неприфатливи трошоци за поддршка во рамките на програмата | Неприфатливи се инвестиции по ИПАРД во секторот на производство на тутун. | Неприфатливи се инвестиции по ИПАРД во секторот на производство на тутун **и коноп**. | Предложени се измени каде инвестициите во секторот на производство на коноп не се прифатливи за финансирање е во насока на намалување на ризикот за финансиарње на овој сектор од страна на ЕУ. |
| 3) | 151 | 8.1.6 Правила за потекло | Во согласност со Член XXX од Регулативата (ЕУ) бр. XXX на Европскиот парламент и на Советот за утврдување на заеднички правила и процедури за спроведување на Инструментите на Унијата за финансирање на надворешните акции“: | Во согласност со Член **19 од FFPA**: | Корекција направена согласно FFPA и/или SA |
| 4) | 151 | 8.1.6 Rules of origin | 1. Понудувачите, апликантите и кандидатите од следните земји ќе бидат прифатливи за финансирање<br><br>а. Земјите-членки, примателите наведени во Анекс I на Регулативата (ЕУ) бр. 231/2014, договорните страни на Договорот за Европската економска област и земјите партнери опфатени со ENI, и | Понудувачите, апликантите и кандидатите од следните земји ќе бидат прифатливи за финансирање<br><br>а. Земјите-членки, примателите наведени во Анекс I на Регулативата (ЕУ) бр. 231/2014, договорните страни на Договорот за Европската економска област и земјите партнери опфатени со ENI, и | Предложените корекции поврзани со улогите на потекло ќе им овозможат на сите набавки од средствата од оваа Програма да потекнуваат од која било земја, што ќе доведе до подобра и полесна апсорпција на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | б. земји за кои реципрочен пристап до надворешна помош е воспоставен од страна на Европската комисија под условите утврдени во точка (е) од Член 9(1).<br><br>2. Понудувачите, апликантите и кандидатите од земји кои не ги исполнуваат условите или стоките од неприфатливо потекло може да бидат прифатени како прифатливи од страна на Европската комисија во случаи кои вклучуваат итност или недостапност на производи и услуги на пазарите на засегнатите земји, или во други соодветно поткрепени случаи каде што примената на правилата за потекло би го оневозможила или претерано отежнувала реализацијата на проект, програма или акција.<br><br>Сите набавки што се купени во рамките на средствата од оваа програма треба да потекнуваат од соодветна земја. Сепак, тие може да потекнуваат од која било земја кога износот на набавките е под прагот за користење на конкурентна постапка со преговарање (во моментов 100 000 евра). За целите на фондовите на оваа програма, терминот „потекло“ е дефиниран во релевантното законодавство на ЕУ за правилата за потекло за царински цели: Царинскиот законик (Регулатива на Советот (ЕЕЗ) бр. 2913/9258), а особено неговите членови 22 до 24, и одредбите за спроведување на Кодексот (Регулатива на | б. земји за кои реципрочен пристап до надворешна помош е воспоставен од страна на Европската комисија под условите утврдени во точка (е) од Член 9(1).<br><br>2. Понудувачите, апликантите и кандидатите од земји кои не ги исполнуваат условите или стоките од неприфатливо потекло може да бидат прифатени како прифатливи од страна на Европската комисија во случаи кои вклучуваат итност или недостапност на производи и услуги на пазарите на засегнатите земји, или во други соодветно поткрепени случаи каде што примената на правилата за потекло би го оневозможила или претерано отежнувала реализацијата на проект, програма или акција<br><br>**Сите набавки што се купени во рамките на средствата од оваа програма може да потекнуваат од која било земја.** | средствата од ИПАРД Програмата 2021-2027. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Комисијата (ЕЕЗ) бр. 2454/9359). Овие референци треба да се читаат како упатување на член 60 од Регулативата (ЕУ) бр. 952/2013. | | |
| 5) | 155 | 8.1.11. Критериуми за аплицирање за поддршка | (с) Корисник (правно лице) не смее да биде во постапка на ликвидација или стечај во моментот на поднесување на барањето, додека физичките лица или одговорното лице во правното лице не смее да имаат законска забрана за вршење дејност.; | (с) Корисникот не смее да биде во постапка на ликвидација или стечај и/илида е започната кривична постапка од страна на јавен обвинител во моментот на поднесување на барањето; | Корегирано, согласно член 11(2)(г) од SA |
| 6) | 158 | 8.2.2. Општи критериуми за спроведување на мерките | ИПАРД Агенцијата ги обработува пристигнатите барања во согласност со внатрешните процедури на ИПАРД Агенцијата , притоа почитувајќи ги правилата за заштита на личните податоци согласно одредбите од FFPA (член 26) | ИПАРД Агенцијата ги обработува пристигнатите барања во согласност со внатрешните процедури на ИПАРД Агенцијата , притоа почитувајќи ги правилата за заштита на личните податоци согласно одредбите од FFPA (член **25**) | Корегирано, согласно FFPA и/или SA |
| 7) | 160 | 8.2.10 Одобрување исплати | Исто така, финансиската поддршка нема да се доделува/исплаќа на приматели чие барање за исплата е 10% пониско од минималниот праг за прифатливи трошоци по соодветната мерка. | **Реченицата е избришана** | Процедурална причина, пристапот дополнително ќе се развива во процедурите за спроведување на ИПАРД. |
| | **МЕРКА - ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА** | | | | |
| 8) | 161 | 1. Правна основа | 1. Правна основа[69]<br>- член 2(1) од Регулативата (ЕУ) бр. 236/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 11 март 2014 година со која се утврдуваат заеднички правила и процедури за имплементација на инструментите на Унијата за финансирање на надворешните акции<br>- член 27(1) од Секторска спогодба;<br>- Анекс 4 Секторска спогодба | **1. Правна основа**<br>**- член 29(1) од Секторска спогодба за ИПАРД;**<br>**- Анекс 4 од Секторска спогодба за ИПАРД** | Корегирано согласно FFPA и/или SA<br>- Footer 69 е избришан, Референцирање на EU регулатива е избришано, и член од SA заменет. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9) | 164 | 5.Корисници<br>5.1 Видови корисници, Земјоделски стопанства | Правното лице кое го застапува земјоделското стопанство мора да биде регистрирано во Централниот регистар согласно Законот за трговски друштва. | Правното лице кое го застапува земјоделското стопанство мора да биде регистрирано во Централниот регистар согласно Законот за трговски друштва **во ранг на микро, мало или средно претпријатие (види Annex 9).** | Согласно одредбите од Анекс 4, точка 5 (Прифатливост) – Корисници за мерка 1 од Секторската спогодба |
| 10) | 175 | 10. Интензитет на поддршка | За да се добие поддршка според оваа мерка, минималниот вкупен прифатлив трошок за инвестицискиот проект е 10.000 евра. | За да се добие поддршка според оваа мерка, минималниот вкупен прифатлив трошок за инвестицискиот проект е **20.000 евра.** | Измените за зголемување на минималниот праг на вкупните прифатливи трошоци во мерка 1 „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“ на над 20.000 евра се засноваат на подетална и целосна анализа на поднесените и реализирани проекти и апликации и претходното искуство во реализацијата на ИПАРД II проектите од мерката. Измената ќе обезбеди јасно разграничување со националните мерки за РР и ќе избегне каков било ризик од преклопување помеѓу двата финансиски инструменти Зголемувањето на прагот ќе го поттикне апликацирањето на малите земјоделски стопанства, кои во моментов не се пазарно |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ориентирани, за поддршка во рамките на националните мерки за РР со цел да се подигнат нивниот капацитет и конкурентност. |
| | **МЕРКА- ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА ЗА ПРЕРАБОТКА И МАРЕКЕТИНГ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ И РИБНИ ПРОИЗВОДИ** | | | | |
| 11) | 178 | 1. Правна основа | 1. Правна основа[78]<br>- член 2(1) од Регулативата (ЕУ) бр. 236/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 11 март 2014 година со која се утврдуваат заеднички правила и процедури за имплементација на инструментите на Унијата за финансирање на надворешните акции<br>- член 27(1) од Секторската спогодба;<br>- Анекс 4 Секторската спогодба | **1. Правна основа**<br>**- член 29(1) од Секторска спогодба за ИПАРД;**<br>**- Анекс 4 Секторска спогодба за ИПАРД** | Корегирано согласно FFPA и/или SA:<br>- Footer 78 е избришан, Референцирањето на EU регулатива е избришано, и<br>- Член од SA заменет |
| 12) | 189 | 10. Интензитет на поддршка | За да се добие поддршка според оваа мерка, минималниот вкупен прифатлив трошок за инвестицискиот проект е 20.000 евра. | За да се добие поддршка според оваа мерка, минималниот вкупен прифатлив трошок за инвестицискиот проект е 50.000 евра. | Исто како бр.9) |
| | **МЕРКА - АГРО-ЕКОЛОГИЈА- КЛИМА И ОРГАНСКО ПРОИЗВОДСТВО** | | | | |
| 13) | 192 | 1. Правна основа | 1. Legal basis[85]<br>- Article xy of the Regulation (EU) No xy of the European Parliament and of the Council of xy laying down common rules and procedures for the implementation of the Union's instruments for financing external action<br>- Article xy of the IPARD Sectoral Agreement;<br>- Annex xy the IPARD Sectoral Agreement | **1. Правна основа**<br><br>**- член 29(1) од Секторска спогодба за ИПАРД;**<br>**- Анекс 4 Секторска спогодба за ИПАРД** | Корегирано согласно FFPA и/или SA:<br>- Footer 85 избришан, Референцирање на EU регулатива е избришано, и<br>- Член од SA изменет |
| | **МЕРКА - СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИИ ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ** | | | | |
| 14) | 206 | 1. Legal basis | 1. Правна основа[85] | **1. Правна основа** | Корегирано согласно |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | - Член xy од Регулативата (ЕУ) Бр. xy на Европскиот парламент и на Советот од xy со која се утврдуваат заеднички правила и процедури за имплементација на инструментите на Унијата за финансирање на надворешните акции<br>- Член xy Секторската спогодба за ИПАРД;<br>- Член xy Секторската спогодба за ИПАРД | **- член 29(1) од Секторска спогодба за ИПАРД;**<br>**- Анекс 4 Секторска спогодба за ИПАРД** | FFPA и/или SA<br>Footer 87 е избришан, Референцирање на EU регулатива е избришано, и<br>- Член од SA изменет |
| | **МЕРКА - ИНВЕСТИЦИИ ВО РУРАЛНА ЈАВНА ИНФРАСТРУКТУРА** | | | | |
| 15) | 220 | 1. Правна основа | Правна основа[90]<br>- член 2(1) од Регулативата (ЕУ) бр. 236/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 11 март 2014 година со која се утврдуваат заеднички правила и процедури за имплементација на инструментите на Унијата за финансирање на надворешните акции<br>- член 27(1) од Секторската спогодба;<br>- Анекс 4 Секторската спогодба | **1. Правна основа**<br><br>**- член 29(1) од Секторска спогодба за ИПАРД;**<br>**- Анекс 4 Секторска спогодба за ИПАРД** | Корегирано согласно FFPA и/или SA<br>- Footer 90 е избришан, Референцирање на EU регулатива е избришано, и<br>- Член од SA изменет |
| | **МЕРКА – ДИВЕРЗИФИКАЦИЈА НА ФАРМИ И РАЗВОЈ НА БИЗНИСИ** | | | | |
| 16) | 229 | 1. Правна основа | 1.Правна основа[96]<br>- член 2(1) од Регулативата (ЕУ) бр. 236/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 11 март 2014 година со која се утврдуваат заеднички правила и процедури за имплементација на инструментите на Унијата за финансирање на надворешните акции<br>- член 27(1) од Секторската спогодба;<br>- Анекс 4 Секторската спогодба | **1. Правна основа**<br>**- член 29(1) од Секторска спогодба за ИПАРД;**<br>**- Анекс 4 Секторска спогодба за ИПАРД** | Корегирано согласно FFPA и/или SA<br>Footer 96 е избришан, Референцирање на EU регулатива е избришано, и<br>- Член од SA изменет |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 17) | 239 | 8.1. Прифатливи активности и примери на прифатливи инвестиции<br>3. Производство на прехранбени производи и пијалоци | По овој сектор прифатлива е поддршка на инвестиции во производство на прехранбени производи и пијалоци за човечка исхрана согласно Законот за безбедност на храна, кои не се прифатливи за поддршка по мерка 1 и мерка 3. | По овој сектор прифатлива е поддршка на инвестиции во производство на прехранбени производи и пијалоци за човечка исхрана согласно Законот за безбедност на храна, кои не се прифатливи за поддршка по мерка 1 и мерка 3. **(вода, пијалоци и пиво)**. | Подобрување на демаркацијата помеѓу мерки 1,3 и 7. |
| 18) | 245 | 10. Интензитет на поддршка | За да се добие поддршка според оваа мерка, минималниот вкупен прифатлив трошок за инвестицискиот проект е 5.000 евра. | За да се добие поддршка според оваа мерка, минималниот вкупен прифатлив трошок за инвестицискиот проект е 10.000 евра. | Исто како бр.9) |
| 19) | 245 | 14. Географски опфат | Инвестицијата поддржана по оваа мерка мора да се реализира во руралните средини наведени во Анекс 1 на оваа програма. | Инвестицијата поддржана по оваа мерка мора да се реализира во руралните средини наведени во Анекс 1 на оваа програма.<br>**Меѓутоа, само за инвестиции во краток синџир за снабдување, реализирани од земјоделци и/или членови на нивните семејства или од организации на производители, а се состојат во воспоставување капацитети за продажба на сопствени производи, инвестициите може да се лоцираат во рурални или урбани средини.** | Предложените измени поврзани со географскиот опсег на мерка 7 „Диверзификација на фарми и развој на бизниси“ каде што инвестициите поддржани во оваа мерка мора да се лоцирани во руралните средини наведени во Прилог 1 на Програмата. Меѓутоа, само за инвестициите во краток синџир на снабдување, реализиарни од од земјоделски стопанства и/или членови на нивните семејства или од организации на производители, а се |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | состојат во воспоставување капацитети за продажба на сопствени производи, инвестициите може да бидат лоцирани во рурални или урбани средини.<br>Во согласност со Ares(2022)8361331 - Промени во фишето за мерката 7 „Диверзификација на фармите и развој на бизниси“ |
| | **МЕРКА - ТЕХНИЧКА ПОМОШ** | | | | |
| 20) | 246 | 1. Правна основа | 1.Правна основа[102]<br>- член 2(1) од Регулативата (ЕУ) бр. 236/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 11 март 2014 година со која се утврдуваат заеднички правила и процедури за<br>имплементација на инструментите на Унијата за финансирање на надворешните акции<br>- член 27(1) од Секторската спогодба;<br>- Анекс 4 Секторската спогодба | **1. Правна основа**<br>**- член 29(1) од Секторска спогодба за ИПАРД;**<br>**- Анекс 4 Секторска спогодба за ИПАРД** | Корегирано согласно FFPA и/или SA<br>Footer 102 е избришан, Референцирање на EU регулатива е избришано, и<br>- Член од SA изменет |
| | **МЕРКА - СОВЕТОДАВНИ УСЛУГИ** | | | | |
| 21) | 252 | 1. Правна основа | 1.Правна основа102<br>- член 2(1) од Регулативата (ЕУ) бр. 236/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 11 март 2014 година со која се утврдуваат заеднички правила и процедури | **1. Правна основа**<br>**- член 29(1) од ИПАРД Секторска спогодба;**<br>**- Анекс 4 Секторска спогодба за ИПАРД** | Корегирано согласно FFPA и/или SA<br><br>- Footer 102 е избришан, Референцирање на EU |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | за<br>имплементација на инструментите на Унијата за финансирање на надворешните акции<br>- член 27(1) од Секторската спогодба;<br>- Анекс 4 Секторската спогодба | | регулатива е избришано, и<br>- Член од SA изменет |
| 22) | 261 | 11. Индикативен буџет<br>Табела 63:Индикативен финансиски план | | Дополнителна колона за ТРЕ е додадена | Согласно препораките на ГД АГРИ се предлага измена со додавање дополнителна колона што се однесува на Вкупните јавни трошоци (ТРЕ) во Индикативниот финансиски план за мерката 10 - „Советодавни услуги“. Кој ке доведе подобро изразување на ТРЕ по мерка 10, и ке се унифицира со сите други мерки од програмата.С |
| 23) | 271 | **11. СУМАРЕН ОПИС НА СТРУКТУРИ ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА** | <u>Оперативната</u> структура што треба да се воспостави во согласност со член 10 од FFPA<u>, за програмите за рурален развој</u>, ќе се состои од следните засебни органи кои работат во тесна соработка:<br>(а) Тело за управување… | Структурата што треба да се воспостави во согласност со член 10(9) од FFPA се состои од следните засебни органи кои работат во тесна соработка:<br>(а) Телото за управување **со ИПАРД**… | Корегирано согласно член од FFPA |
| 24) | 271 | **11.2. Нациналeн офицер за авторизација (НАО)** | Согласно член 9 од Регулативата за спроведување на ИПА 2021-2027[110], НАО ја сноси севкупната одговорност за финансиското управување со помошта од ИПА 2021-2027 година и за обезбедување законитост и регуларност на трошоците. Функциите на НАО се назначени во својство на номиниран висок функционер | Согласно член **8(2)** од Регулативата за спроведување на ИПА 2021-2027[110] и **Annex A Clause 4 од FFPA**, НАО ја сноси севкупната одговорност за финансиското управување со помошта од ИПА 2021-2027 година и за обезбедување законитост и регуларност на трошоците. Функциите на НАО се назначени во својство на | Корегирано согласно FFPA и/или SA |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | во Министерството за финансии. | номиниран висок функционер во Министерството за финансии.. | |
| 25) | 273 – 280 | **12. ОПИС НА ОПЕРАТИВНА СТРУКТУРА, ВКЛУЧИТЕЛНО СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА** | Низ текстот референцирањето на “Тело за управување” е корегирано во “Тело за управување со ИПАРД” | Низ текстот референцирањето на “Тело за управување” е корегирано во “Тело за управување со ИПАРД” | Корегирано согласно FFPA и/или SA |
| 26) | 273 | 12.1.1. **IPARD** Managing Authority | Секторот за управување со ИПАРД фондови при МЗШВ е административна единица која дејствува како Тело за управување (ТУ) на оваа програма назначено во согласност со член 8 од SA и член 10 од FFPA со главни одговорности за подготовка и спорведување на ИПАРД Прогармата 2021-2027 | Секторот за управување со ИПАРД фондови при МЗШВ е административна единица која дејствува како Тело за управување **со ИПАРД** (ТУ) на оваа програма назначено во согласност со член 8 од SA и член 10 (9) од FFPA со главни одговорности за подготовка и спорведување на ИПАРД Прогармата 2021-2027 | Корегирано согласно FFPA и/или SA |
| 27) | 275 | 12.1.2. ИПАРД Агенција | Во согласност со член 10 од FFPA и член 9 од Секторскиот договор, ИПАРД Агенцијата ги извршува, меѓу другото, следните задачи за спроведување и исплата: | Во согласност со член **10(9)(б)** од FFPA и член 9 од Секторскиот договор, ИПАРД Агенцијата ги извршува, меѓу другото, следните задачи за спроведување и исплата: | Корегирано согласно FFPA и/или SA |
| 28) | 281 | 13.1. Усвоена одредба за здружување на релевантните органи, тела и партнери | Во согласност со член 55 од IPA III имплементирачка регулатива | Во согласност со член **20(1)** од IPA III имплементирачка регулатива | Корегирано согласно IPA III регулатива |
| 29) | 289 | **15. ПУБЛИЦИТЕТ, ВИДЛИВОСТ И ТРАНСПАРЕНТ НОСТ ВО СОГЛАСНОСТ** | Во согласност со правилата, утврдени во член ??? и ??? од FFPA и понатаму детално во член ??? и ??? од Секторскиот договор | Во согласност со правилата, утврдени во член 23 и 24 од FFPA и понатаму детално во член 31 и 32 од Секторскиот договор | Корегирано согласно FFPA и/или SA |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **СО ИПА ЗАКОНОДАВСТВО** | | | |
| 30) | 375 | **КОНТАКТИ ПОВРЗАНИ СО УПРАВУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА** | За Тело за управување:<br><br>За Национален офицер за авторизација и за Нациоанлен фонд | За Тело за управување **со ИПАРД**:<br><br>За Национален офицер за авторизација и за **Управувачка структура** | Корегирано согласно FFPA и/или SA |